Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **ЈП "Паркови и зеленило" -Скопје**, за пресадување на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (липа) што се наоѓа **на ул. "Филип II Македонски" (позади автобуската постојка кај Парк -Жена борец) – Скопје.**

2.Пресадувањето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.

3.Пресадувањето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Презасадувањето треба да биде на територија на Општина Центар.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈП "Паркови и зеленило" -Скопје, бул."Илинден" бр.104** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6858/1** од **26.06.2023** година, за пресадување на дрвото што се наоѓа **на ул. "Филип II Македонски" (позади автобуската постојка кај Парк -Жена борец) – Скопје.**

Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **18.07.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвото предмет на барањето, се наоѓа премногу блиску до автобуската постојка и пречи со својата поставеност.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило . Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот за урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) од страна на ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Бидејќи, во случајот не се врши сечење на зеленилото не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензационо садење.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6858/3**
**20.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по барање на ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-6858/3, од 20.07. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр.14-6858/3 од 20.07. 2023 год., донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барање на ЈП “Паркови и зеленило” -Скопје, овој орган, има доносено решение бр.14-6858/3 од 20.07.2023 год. Со истото е утврдено дека дрвото се наоѓа премногу блиску до автобуската постојка и пречи со својата поставеност.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои реална опасност по автобуската постојка, која секојдневно ја користат голем број граѓани, за што постои јавен интерес за негово пресадување па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6858/4**
**20.07.2023** година
Скопје

**Доставено до: Барателот, ЈП Паркови и зеленило-Скопје и Архива**

Изработил:
**Игор Трпковски**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________